Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 22-2122/2

08-03-2022 година

**До Здружението за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС**
Ул.Вич бр.28/36 Скопје, Емаил: info@odnaszanas.com

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на Барање

Почитувани,

До Министерството за здравство од Здружението за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС од Скопје е доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер, кое се однесува на:

„1. Научен доказ, студија која недвосмислено покажува дека причинителот SARS-COV-2 е изолиран. Наведените студии и докази кои ги бараме пожелно е да биле објавени во земјава или поширокот, да биле рецензирани, и научно релевантни;

2. Научна студија која недвосмислено ја покажува способноста и максималната релевантност на PCR и RT-PCR методата во детектирање на SARS-COV-2 причинителот, односно научна студија која недвосмислено докажува„златен стандард" со највисок степен на чуствителност и највисок степен на специфичност на PCR и RT-PCR методата во детектирање на SARS-COV-2 причинителот. Наведените студии и докази кои ги бараме пожелно е да биле објавени во земјава или пошироко, да биле рецензирани, и научно релевантни;

3. Сертификати од страна на производители на заштитна опрема - маска со научни истражувања и научен доказ кој недвосмислено покажува дека пропишаната заштитна опрема, маска штити од причинителот SARS-COV-2. Наведените студии и докази кои ги бараме пожелно е да биле објавени во земјава или пошироко, да биле рецензирани, и научно релевантни;

4. Научни истражувања и научни докази кои гарантираат дека наведената заштитна опрема - маска не предизвикува несакани штетни дејства врз здравјето на луѓето и децата. Наведените студии и докази кои ги бараме пожелно е да биле објавени во земјава или пошироко, да биле рецензирани, и научно релевантни.

5. Дали до сега е извршена евалуација на пропишаните мерки за заштита од причинителот SARS-COV-2 во однос на нивната успешност со справување со епидемијата во Република Македонија? Која ја вршел таа евалуација? Ве молиме доставете резултати од истата.

6. Дали до сега е извршена евалуација на коефициентот корист/штета на пропишаната мерка заштитна опрема-маска од причинителот SARS-COV-2 во Република Македонија? Кој ја вршел таа евалуација? Ве молиме доставете резултати од истата."

**Во врска со горенаведеното Барање информираме дека Министерството за здравство не располага со бараните информации и од тие причини не може да бидат доставени на начин и форма наведени во Барањето.**

Со почит,

**МИНИСТЕР,**
**Dr. Bekim Sali**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT • МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО • MINISTRIA E SHËNDETËSISË • СКОПЈЕ - SHKUP

Доставено до:
- Барателот по емаил и пошта
- архива